Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел од дневни настани 11.03.2022

На 10.03.2022 околу 16.00 часот на подрачје на Бит Пазар од полициски службеници од тим од потраги од Одделение за криминалистички работи Центар и Бит Пазар лишен од слобода е З.Х.(49) од Скопје затоа што се барал за издржување казна затвор за сторено кривично дело казниво по чл.243 од Кривичен законик. Лицето е спроведено до Затвор Скопје за издржување казна затвор.

На 10.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 45 прекршоци, од кои 12 надвор од населено место и 33 во населено место. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигурносен појас и 4 за непрописно паркирање.

На 10.03.2022 година во 17.50 часот во ОВР Струга, приведен е Ф.Л.(20) од Дебар. При извршен преглед на патнички автомобил „фолксваген‟ со дебарски регистарски ознаки во кој се превезувал, полициските службеници кај него пронашле 100 парчиња сигнални куршуми калибар 9 милиметри што, нелегално ги поседувал. По целосно документирање, ОВР Струга ќе поднесе соодветна пријава.

На 10.03.2022 во 20.30 часот било пријавено дека на регионалниот пат кај место викано Равење се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "ауди‟ со струшки регистарски ознаки, управувано од А.Ц.(26) од с.Јабланица и патничко моторно возило "ровер‟ со струшки регистарски ознаки, управувано од Е.К.(20) од с.Лабуништа. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото "ровер‟ О.К.(41) од с.Лабуништа констатирани во Општата болница-Охрид, а со телесни повреди се здобил возачот А.Ц. констатирани во Медицинскиот центар Струга. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На ден 10.03.2022 година во Полициската станица во Велес, Д.Ѓ (31) од Велес пријави дека на ул.„Благој Ѓорев‟, во близина на касарната, бил каснат од куче скитник.

На 10.03.2022 ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против П.С.(30) од Струга и А.С.(38) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела: „измама‟, „злоупотреба на личните податоци‟ и „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски системи‟. Првопријавениот П.С., во периодот од јули до септември 2021 година, преку комуникација на социјалната мрежа „Фејсбук‟, довел во заблуда 37-годишник од Кавадарци, здобивајќи се со неговите лични податоци, трансакциска сметка и пин код, кои ги искористил за подигање на кредити во повеќе финансиски друштва во име на оштетениот, како и онлајн нарачки од различни продавници. Паричните средства и производите завршиле на адреса кај второпријавената А.С. од Скопје, сопруга на првопријавениот, кој се наоѓал на издржување затворска казна во Казнено-поправна установа Штип.

На 11.03.2022 година во 03.30 часот полициски службеници од Полициската станица Радовиш на место викано „Лакавичка раскрсница‟ општина Конче пронашле моторно возило „џип сангојнг‟ во кое имало 9 лица мигранти, од кои 5 од Индија и 4 од Пакистан, на возраст помеѓу 20 и 30 години. ОВР Радовиш во координација со инспектори од РЦ Исток презема мерки за целосно расчистување на случајот.

Денеска (11 март) околу 7 часот и 30 минути, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 35-годишниот гостиварец А.С., кој околу 7 часот во семејниот доим физички ја нападнал неговата 58-годишна мајка.Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (10 март) во 14 часот, со судска наредба, го привеле 48-годишниот Ј.И. од тетовско Ново Село за издржување на затворска казна, по што тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово‟ во Тетово.

Вчера (10 март) околу 17 часот и 20 минути, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги привеле В.И.(23) и Х.Р.(23), двајцата од гостиварски Градец, кои дваесетина минути пред тоа го нарушиле јавниот ред и мир во Психијатриското одделение на гостиварската Општа болница „Ферид Мурад‟, каде биле во посета на пациент и се однесувале агресивно.Двајцата биле задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (10 март) од 8 до 20 часот спровеле контролни активности за брзина со која се движат возилата надвор од населено место. При контролата биле откриени и санкционирани 17 пречекорувања на максимално дозволената брзина (ТЕ-9 и ГВ-8), од кои 1(ТЕ) за повеќе од 70 километри на час. Вчера, исто така, од 11 до 15 часот, спроведена е и контрола на возилата кои вршат јавен превоз на патници, претежно автобуси и комбиња, во рамките на која било утврдено дека 1 возило (ГВ) имало неисправни сопирачки.Возилото веднаш е исклучено од сообраќај и ќе се соочи со законски санкции.Во контролата биле санкционирани и 9 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-4).

На 10.03.2022 околу 15.30 часот во Скопје од полициски службеници од Одделение за криминалистички работи Карпош лишени од слобода се С.Д.(19), и тројца малолетници од кои еден на 12 и двајца на 16 годишна возраст сите од Скопје затоа што Г.К.(55) од Скопје пријавил дека околу 14,40 часот во барака на подрачје на Карпош ги затекнал како одземаат предмети од бараката и гаражата, по што бил физички нападнат од пријавените а еден од нив употребил и тврд предмет. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.03.2022 околу 21.45 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека во маркет на подрачје на Аеродром две лица одзеле пари од сопственикот К.А. (47). Едното лице со остар предмет му нанело повреда на раката. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.03.2022 во 10.05 часот В.Ц.(49) од Скопје, пријавила дека на 09.03.2022 околу 16.30 часот во училишен двор од средно училиште на подрачјето на Центар нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од постар ученик. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.03.2022 во 01.29 часот во Полициска станица Чаир е пријавено дека во близина на капелата на АД „Бутел‟ било опожарено патничко моторно возило „голф 4‟ со скопски регистарски ознаки сопственост на А.Р.(56) од Скопје.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.03.2022 во 13.55 часот Б.Д.(23) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром по претходно недоразбирање околу сообраќај бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.03.2022 во 13.30 часот М.К.(24) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Драчево бил физички нападнат од М.М.(21) од Скопје. Сочинет бил записник по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 10.03.2022 во 23.50 часот од полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин Табановце при извршена контрола на патничко моторно возило марка „мерцедес'' со кумановски регистарски ознаки управувано од Љ.Љ.(37) од Куманово констатирано било дека тој го управувал патничкото моторно возило и вршел меѓународен превоз на патници, без поседување на соодветна документација, односно дозвола за меѓународен линиски превоз. Од полициските службеници биле известени надлежени инспектори од Одделение за инспекциски надзор над патниот сообраќај при Државен инспекторат за Транспорт и врски на РСМ и ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 10.03.2022 во Полициска станица Прилеп е пријавено дека во текот на ноќта 09/10.03.2022 непознат сторител насилно влегол во објект од фабрика во Прилеп и одзел разни алати и челични материјали. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на ОВР-Прилеп. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет